Fachhochschule Nordwestschweiz
Pädagogische Hochschule

# ESKON *Sprache*

**E**rfassung **s**chulischer **Ko**mpetenzen **N**euzugezogener

# MAZEDONISCH

Aufgabenset 5 bis 6 Jahre Schulerfahrung

© Pädagogische Hochschule FHNW 2022

**Задачи**

1. Прочитај го текстот на глас.



**Скорпијата - член на семејството пајаци**

Не е добра идеја да ги ставаме прстите во мали дупки во ѕидот или меѓу камењата во топлите земји. Треба да ги истресеме чевлите ако долго време стојат отворени и неносени. Можеби некој се крие во нив. Скорпиите не сакаат светлина; тие се кријат во дупки или други темни места во текот на денот. Скорпиите вообичаено ги има во топлите земји ширум светот, но ретко ги гледаме.

**Тие го прободуваат нивниот плен до смрт**

Скорпиите можат да бидат многу отровни, иако повеќето видови не се смртоносни за луѓето. Во зависност од видот, тие се долги меѓу еден и дваесет сантиметри. Сите видови имаат отровен убод на крајот на опашката. Кога скорпијата го убива својот плен, го фаќа со канџи, ја наведнува опашката над грбот и го прободува пленот. Вознемирената скорпија брзо го насочува својот убод кон непријателот.

Скорпиите ловат големи пајаци и други штетници ноќе. Тие прво го опипуваат својот плен со своите канџи, го држат цврсто и го убиваат со отровниот убод.



© PH FHNW 2022

2. Прочитај го текстот во задача 1 и исказите подолу. Обележи дали  исказите се точни или неточни.

| | |
|---|---|
| 1. Скорпиите ја сакат темнината. | точно ☐<br>неточно ☐ |
| 2. Сите скорпии можат да убијат луѓе. | точно ☐<br>неточно ☐ |
| 3. Сите скорпии имаат иста големина. | точно ☐<br>неточно ☐ |
| 4. Скорпиите го фаќаат својот плен со канџите. | точно ☐<br>неточно ☐ |


© PH FHNW 2022

3. Објасни усмено за што се работи во текстот во задача 1.



© PH FHNW 2022

4. Во текстот во задачата 1 стои дека треба да ги истресеме чевлите. Зошто треба да го сториме тоа? Објасни усмено зошто мислиш така.



© PH FHNW 2022

5. Која од следниве трки не може да се одвива заради влажните услови? Заокружи го соодветниот текст.

а) Трката со млечни картони треба да промовира здрав начин на живот. Единствени услови за учество се возилото да се состои од празни млечни картони, да се управува со рака и да се вози до целта преку вода.

---

б) „Када-трката“ се одржува веќе 50 години. Трката е долга 58 км и има многу упатства за безбедност. Сите возила мора да одговараат на големината и формата на старомодната када. Моторот не смее да биде премокен.

---

в) „Суворечната-трка“ се одвива по сува река. Еднаш била откажана, бидејќи во сувата река имало вода. „Чамците“ во трката немаат дно и се носат од учесниците.

---

г) Регатата „Лименки за пијалаци“ се одржува на годишно ниво. Возилата се направени од празни лименки за пијалаци и се опремени со мотори. Многу се расипуваат на самиот почеток, што придонесува за општа забава.



© PH FHNW 2022

6. Погледни ја картата и одговори на прашањата.




а) Кое место е поблиску до пристаништето?

- ☐ градот.
- ☐ езерото.
- ☐ фармата.

б) Кое место е најсеверно?

- ☐ аеродромот.
- ☐ шумата.
- ☐ фармата.

в) Ако одиш од градот до езерото, во кој правец одиш?

- ☐ кон север.
- ☐ кон запад.
- ☐ кон исток.

г) Замисли дека одиш на пешачење на островот.
Следи ги упатствата:

- Тргни од селото.
- Следи го патот кон пристаништето.
- Сврти лево на втората раскрсница.
- Оди до крајот на улицата.
- Каде си сега?

- ☐ во фармата.
- ☐ во градот.
- ☐ во пристаништето.



© PH FHNW 2022

7. Прочитај го текстот на глас.

**Бушбал**

Си слушнал ли некогаш за бушбал? Во принцип, ова е вкрстување помеѓу фудбалот и голфот.
Целта на играта е да се погоди знамето претходно поставено во природа со што е можно помалку удари. Треба да играат најмалку двајца, при што едниот играч го поставува знамето, а другиот се обидува да го погоди.
Потребните удари се бројат сѐ додека не се погоди знамето. Не смеат да бидат повеќе од девет. Првата рунда завршува веднаш штом секој играч ќе го дигне знамето. Играчите одлучуваат колку рунди сакаат да играат.


© PH FHNW 2022

8. Прочитај го текстот во задача 7 и обележи ги точните одговори.

а) За што се работи во текстот?

- ☐ Текстот ги објаснува разликите помеѓу фудбалот и голфот.
- ☐ Текстот ги објаснува правилата на играта бушбал.
- ☐ Текстот опишува посебно знаме.
- ☐ Текстот објаснува за што можат да се користат знамињата.

б) Што треба да погодиш во бушбалот?

- ☐ Играчот кој го држи знамето.
- ☐ Знамето кое играчот го држи во рака.
- ☐ Знамето што е набиено во земја.
- ☐ Просторот помеѓу двете знамиња што се поставени во земјата.

в) Што се брои?

- ☐ Бројот на погодените цели.
- ☐ Бројот на рунди.
- ☐ Тоа играчите сами го  одлучуваат.
- ☐ Потребните удари за постигнување на целта.

г) За кои два спорта мислиме кога станува збор за бушбал?

- ☐ голф и тенис.
- ☐ фудбал и голф.
- ☐ ракомет и фудбал.
- ☐ голф и ракомет.

д) Кога е завршена рундата? Ако сите играчи еднаш …

- ☐ го дигнат знамето.
- ☐ ја погодиле целта.
- ☐ ја фрлиле топката.
- ☐ ги погодиле другите играчи.

ѓ) Што значи „вкрстување помеѓу фудбалот и голфот“?

- ☐ Играта се игра на раскрсница.
- ☐ Истовремено се игра фудбал и голф.
- ☐ Играта наликува малку на фудбал и малку на голф.
- ☐ Едната група игра фудбал, а другата истовремено голф.



© PH FHNW 2022

9. Помисли на некој добар другар или добра другарка. Опиши како настанало вашето другарство, што ти се допаѓа кај твојот другар или другарка и што значи другарството за тебе.



© PH FHNW 2022